Партизански Одреди 74 / 14 Скопје
info@elektromobilnost.mk
www.elektromobilnost.mk
тел. +389 70 267 622
Централен Регистар на РМ – ЕМБС: 6841864
Единствен даночен број: 4057013520204

**До**
**Општина Штип**

**Совет на Општина Штип**

**Предлог:**
**Иницијатива за овозможување бесплатни паркинзи за електричните и хибридни возила**

НВО Електромобилност Македонија како единствена регистрирана организација во Р.Македонија која со своите активности делува во насока да ги промовира електричните и хибридни возила и нивните бенефиции за општеството, бара од Општина Штип да ја прифати следната иницијатива:

- Компаниите и физичките лица кои располагаат односно во иднина ќе набават електрични или пак хибридни возила, Општина Штип преку ЈП Стипион да овозможат **бесплатен (временски неограничен) паркинг** на сите отворени паркинзи на целата територија на општината каде ова Јавно Претпријатие стопанисува.

НВО Електромобилност смета дека со прифаќањето на ваквата иницијатива, Општина Штип ќе ги потврди нејзините јасни заложби и определби кон здрава животна средина што воедно се надеваме дека ќе биде и мотив повеќе да почнеме да ги среќаваме во што е можно поголем број ваквите возила низ Општина Штип и низ целата територија на Р.Македонија, што значително ќе придоне кон намалување на загадувањето.

НВО Електромобилност стои на располагање на Општина Штип во процесот на спроведување на било какви инцијативи и проекти поврзани со промоција на електромобилноста (електричен транспорт) во насока на подигнување на свесноста и перцепцијата на граѓаните кон новите трендови во мобилноста кои нудат значајни бенефиции за општеството и животната средина.

Со почит,

31.07.2015 г.

Со почит,
НВО Електромобилност Македонија